**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

## Отворени денови на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува сите заинтересирани граѓани дека на ден **30.11.2016** ќе се одржат отворени денови во регионалните канцеларии на Агенцијата или во просториите на општините со следниот распоред:

**- Мустафино, Ерџелија, Кадрифаково со почеток од 13:00 часот**

**- Црнилиште, Амзабегово, Пеширово со почеток од 14:45 часот**

**- Свети Николе со почеток од 16:15 часот**

Отворените денови на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одржуваат со цел да се реализираат директни средби со земјоделците и бизнис заедницата, каде ќе имаат можност да се информираат во врска со поволностите кои се нудат преку Програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, да се запознаат со работата на Агенцијата, да дискутираат за прашања од нивен интерес, да дадат предлози за надминување на одредени проблеми со кои се соочуваат за време на аплицирањето, како и да побараат стручна помош.

Воедно, отворените денови се прилика институциите да ги слушнат проблемите на земјоделците кои ги имаат при користење средства од програмите за земјоделство и рурален развој, со цел подобрување на истите.

На отворените денови ќе присуствуваат претставници од Агенцијата кои директно се инволвирани во сето она што е главна надлежност на институцијата.